ЛИБЕРТИ
Акционерско друштво за производство и промет
со производи на црна металургија-ладно валан
поцинкуван и пластифициран лим
Бр. 04-50118-429
26.12 2022 год.
СКОПЈЕ

LIBERTY

Согласно член 4 став 6 од Законот за Заштита на укажувачи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 196/2015), Генералниот директор на Друштвото Либерти АД Скопје, Г-ѓа Ристовска Тодорка на ден 26.12.2022 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО ЛИБЕРТИ АД СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Правилник се уредува заштитеното внатрешно пријавување во Друштвото Либерти АД Скопје.

Согласно Законот за Заштита на укажувачи и овој Правилник, заштитено пријавување е пријавување со кое согласно Законот за заштита на укажувачи се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

## Член 2

Укажувач согласно Законот за Заштита на укажувачи е лице од категориите утврдени согласно Законот кое со добра намера врши заштитено пријавување.

Категории на лица кои согласно со овој закон можат да се јават во својство на укажувачи се:
- лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во Друштвото,
- кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во Друштвото,
- лице кое е или било волонтер или практикант во Друштвото,
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од Друштвото,
- лице кои по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Друштвото,
- лице кое користи или користело услуги во Друштвото,

Под поимот ***„Јавен интерес“*** се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

LIBERTY

## Член 3

Ништовна е секоја одредба од актите и договорите со кои се уредуваат права од работен однос и работни ангажмани, со кои се забранува пријавување на сомневање или сознание за казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната или пак таквото пријавување се дефинира како прекршување на одредби за доверливост, лојалност и професионалност.

## Член 4

Заштитено пријавување укажувачот врши во Друштвото, за каде има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело, или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес (во натамошниот текст: заштитено внатрешното пријавување).
Заштитено внатрешното пријавување укажувачот врши на начин усно на записник или во писмена форма до лице овластено од раководното лице во институцијата, (во натамошниот текст: овластено лице за прием на пријави од укажувачи).

## Член 5

Главниот извршен директор (во натамошниот текст: раководното лице) определува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување (во натамошниот текст: овластено лице за прием на пријави од укажувачи).

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи, е должно:
- да постапува по пријавувањето од укажувачот со почитување на процедурите утврдени со актот за внатрешно пријавување;
- да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информира укажувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

## Член 6

Раководното лице на овластеното лице му обезбедува независност и непреченост во работата.
Заради обезбедување тајност и заштита на личните и други податоци кои се примаат и обработуваат од страна на овластеното лице, раководното лице, согласно прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации, обезбедува и применува соодветни технички и организациски мерки за заштита на податоците од случајно или незаконско нивно уништување, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

Раководното лице на овластеното лице му обезбедува простор и опрема за работа:
-простор за работа соодветен за прием на странки;

-посебен компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему, со интернет конекција и посебно електронско сандаче за електронска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему;
-приемен штембил;
-посебен деловодник;
-поштенско сандаче;
-телефонска линија;
-документарен ормар за обезбедено чување на примените пријави, записниците, примените и создадените документи и други материјали во врска со заштитеното внатрешно пријавување, посебниот деловодник и приемниот штембил;
-друга опрема за примена на техничките и организациски мерки за заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави, а предвид прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации.

### Член 7

Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување согласно закон (во натамошниот текст: пријава), поединечно или групно, во писмена форма доставени лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник.

Заведувањето на примените пријави овластеното лице го врши со ставање посебен примен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

### Член 8

Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани следните податоци:
а) податоци за укажувачот:
- име и презиме,
- категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач,
- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара;
б) податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува;
в) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес;
г) предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот;
д) прилози;
ѓ) датум и место на прием на пријавата;
Совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот се потврдува со личен потпис на укажувачот и овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување.
Записникот од ставот (1) на овој член се заведува како примена пријава.

### Член 9

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис односно по електронски пат, овластеното лице го печати записот кој одговара на пријава според содржината, и испечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записи го заведува како примена пријава.

Доколку печатењето на прилозите од ставот (1) на овој член е неекономично, овластеното лице истите ги зачувува во електронска форма на посебниот компјутер обезбеден со лозинка позната само нему.

Кога овластеното лице ја проследува пријавата до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, во случајот од ставот (2) на овој член, овластеното лице извршувајќи ги обврските и одговорностите во примена на обезбедените технички и организациски мерки за заштита на податоците во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци, електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата.

### Член 10

Овластеното лице истиот ден по приемот ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно закон.

Доколку овластеното лице утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка која ја евидентира во посебниот деловодник, задржува копие од предметот, а предметот со приложените документи во оригинал го доставува со пропратно писмо до писарницата на надлежната институција.

За преземените дејствија од ставот (2) на овој член, овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку е познат.

### Член 11

По приемот и заведувањето на пријавата овластеното лице без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи, како и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување.

Во вршењето на проценката од ставот (1) на овој член, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, а притоа внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.

По извршување на проценката од ставот (1) на овој член овластеното лице донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежноста односно ненадлежноста за постапување на Друштвото и потребното преземање мерки за постапување по пријавата.

## Член 12

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците овластеното лице без одлагање го известува раководното лице.

По исклучок, доколку овластеното лице во вршењето на проценката констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против раководното лице, пријавата ја проследува до надлежната институција согласно закон.

## Член 13

Овластеното лице е должно со извршување на обврските и одговорностите во примена на обезбедените технички и организациските мерки за заштита на податоците, во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци, да ги заштити податоците за укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот, освен ако пријавувачот се согласи на откривање на тие податоци.

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука.

Овластеното лице е должно да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган во случај кога без откривање на неговиот идентитетот не би било можно да се постапува пред тие органи и да го извести за мерките за негова заштита како учесник во кривичната постапка.
Ако во текот на постапката е неопходно да се открие идентитетот на укажувачот, овластеното лице е должно за тоа да го извести укажувачот пред откривањето на идентитетот.

Податоците од ставот (1) на овој член не смеат да се откријат на лицето против кое укажувачот доставува пријава.

## Член 14

На укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно пријавување.
Доколку не е обезбедена потребната заштитата, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Северна Македонија, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република северна Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно со своите надлежности.
Правото на заштитата од овој член се проширува да ги опфати и лицата кои ќе сторат веројатно дека оној кој е пријавен може да се сомнева дека извршиле пријавување против него.

**Член 15**

Личните податоци кои се собираат, обработуваат и чуваат за цели на заштитеното надворешно пријавување се врши под услови утврдени со закон и прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.
Личните податоци кои се собираат во примената на одредбите од овој правилник, се обработуваат и чуваат правично и соодветно за конкретни и јасни цели утврдени во одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

Личните податоци од ставот (1) на овој член се чуваат во форма што овозможува идентификација на укажувач во времетраење што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

**Член 16**

По барање на укажувач, овластеното лице е должно да ги дополни, измени, избрише или да го сопре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со закон.

Во содржината на барањето од ставот (1) на овој член укажувачот наведува за кои податоци се бара дополнување, изменување, бришење или сопирање на користењето на лични податоци и доколку се бара дополнување или изменување, се наведуваат и податоците со кои треба да се изврши дополнувањето или изменувањето.

Во случај кога ќе се утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, овластеното лице презема мерки истите да се дополнат, изменат или избришат, независно од тоа дали укажувачот има поднесено барање за дополнување или изменување на личните податоци.

За извршеното дополнување, изменување или бришење на личните податоци, согласно со ставот (3) на овој член, овластеното лице најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето писмено го известува укажувачот, корисниците на личните податоци или третите лица на кои им се откриени личните податоци согласно со закон.

**Член 17**

Овластеното лице примените пријави, записниците, податоците, примените или создадени документи и други материјали во врска со заштитеното внатрешно пријавување, посебниот деловодник и приемниот штембил е должно да ги чува одвоено од останатите документи и записи и тоа на начин што обезбедува нивна безбедност и доверливост.

**Член 18**

Примените пријави, записниците, податоците, примените или создадени документи и други материјали во врска со заштитеното надворешно пријавување што претставуваат односно содржат класифицирана информација, овластеното лице е должно да ги чува согласно со прописите за класифицирани информации.

**Член 19**

Овластеното лице до кого е доставена пријава по која е надлежна да постапува друга институција согласно закон, најдоцна до осум дена од денот на приемот пријавата ја заведува и ја проследува до надлежната институција.

Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува:
- до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци или
- до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.

За проследувањето на пријавата од ставот (1) на овој член и за доставувањето на писменото барање од став (2) алинеи 1 и 2 на овој член, овластеното лице истовремено го известува укажувачот доколку е познат, најдоцна во рок од 15 дена.

**Член 20**

По примената пријава што е упатена до надлежна институција за која по проценката се утврди дека истата е логична, разумна и содржи доволно елементи за понатамошно постапување, овластеното лице презема мерки во своја надлежност за постапување по пријавата односно ја проследува пријавата до службеното лице надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку укажувачот барал да остане доверлив.

Овластеното лице е должно да го извести укажувач за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата најдоцна во рок од 15 дена и му овозможува на укажувачот да изврши увид во списите на предметот оформен врз основа на неговата пријава согласно закон.

Доколку овозможувањето на увидот од ставот (2) на овој член односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријавата може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел во содржината на известувањето односно во останатиот дел од списите на предметот.

За исходот од постапката по предметот оформен по пријавата овластеното лице го известува укажувачот доколку е познат, најдоцна во рок од 15 дена.

**Член 21**

Овластеното лице е должно да составува писмен Извештај за воведеното заштитено внатрешно пријавување и примениме пријави, со цел негово унапредување врз основа на самооценка.

**Член 22**

Заштитено пријавување укажувачот може да врши и со пријавување до Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Северна Македонија или други надлежни институции, односно правни лица, доколку:

- пријавувањето е непосредно или посредно насочено против раководното лице во друштвото
- укажувачот во врска со пријавувањето не добие информација за преземени мерки во рокот утврден во овој закон или
- не се преземени мерки или укажувачот не е задоволен од постапувањето или се сомнева дека нема да се преземат мерки или дека пријавувањето ќе предизвика штетни последници по него или по негово блиско лице (во натамошниот текст: заштитено надворешно пријавување).

Заштитено надворешно пријавување укажувачот врши усно на записник или писмено до овластено лице, односно раководно лице во институцијата односно правното лице каде пријавува.

Органите, институциите односно правните лица до кои укажувачот извршил заштитено надворешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци, а за преземените мерки да го информираат укажувачот без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Заштитеното надворешното пријавување се уредува со акт што го донесува министерот за правда.

Ако органот на кого е доставена информацијата не е надлежен да постапува во врска со пријавувањето ќе ја проследи информацијата до надлежен орган во рок од осум дена од денот на приемот и за тоа истовремено ќе го извести пријавувачот.

Надлежниот орган е должен да ги применува мерките за заштита кои на пријавувачот му ги обезбедил органот на кого му е отстапено известувањето.

Овластениот орган е должен на барање на пријавувачот да му даде известување за текот и дејствијата кои се преземени во постапката, како и да му овозможи на пријавувачот да изврши увид во списите на предметите, согласно со законот. Овластениот орган е должен, по завршувањето на постапката да го извести пријавувачот за исходот на постапката, согласно со законот.

**Член 23**

Заштитено јавно пријавување укажувачот може да врши со правење јавно достапни информации во врска со сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво дело со кое се повредува или загрозува животот на укажувачот и нему блиско лице, здравјето на луѓето, безбедноста, животната средина, штети од големи размери, односно ако постои непосредна опасност од уништување на докази.

Укажувач кој ќе изврши пријавување со правење јавно достапни информации спротивно на овој член и без претходно пријавување до овластено лице за прием на пријави од укажувачи, односно до надлежна институција за внатрешно и надворешно пријавување, нема право на заштитата која се обезбедува согласно овој закон.

Укажувач кој врши заштитено јавно пријавување согласно со овој закон со правење јавно достапни информации е должен да ја почитува презумцијата на невиност на пријавениот, правото на заштита на личните податоци на пријавениот, како и да не го загрозува водењето на судската постапка.

**Член 24**

Овој Правилник влегува на сила на денот на негово донесување и неговата содржина веднаш се објавува и поставува на огласната табла на Друштвото и неговата веб страница со цел истиот да биде јавно достапен до сите вработени во Друштвото.

Либерти АД Скопје
Генерален директор

Ристовска Тодорка